

## ВО ДОЛНОПРЕСПАНСКИТЕ СЕЛА КРАНИ И АРВАТИ

**Крани е познато како едно од најубавите летовалишта на брегот на Преспанското Езеро. Летовалиштето се наоѓа во регионот на Крани и го носи името на селото Крани. Таму, недалеку од песочните плажи се сместени камп приколки, ресторан и хотелот во сопственост на МВР. Сите овие објекти во текот на летниот период претставуваат вистински рај за летувалците и другите посетители**

Многу години летовалиштето Крани беше собиралиште на туристи од сите делови на Македони. Затоа, со право се вели дека најтуристичкото место во Долна Преспа е Крани. Тоа, пред се’, се потврдува со хотелскиот комплекс на МВР и со новиот хотел ресторан “Капри“, и автокампот и другите туристички објекти кои значат иднина за овој дел на Долна Преспа.

Големи се можностите што овој туристичкиот комплекс во Крани може да ги понуди со цел да стане атрактивен туристички центар. Природните убавини на Преспанското езеро, сместувачките капацитети, ресторанските услуги, песочната плажа и спортот се дел од приказната за иднината на летовалиштето Крани.

Но се чини дека Автокампот Крани нуди услуги за кои цените во однос на останатите турисатички места се преполовени а квалитетот е на висина. Затоа, преспанчани посебно се среќни за ревитализацијата на овој автокамп. Локалната самоуправа го подржува инвеститорот „Капри“ и се надева дека автокампот ќе го врати поранешен сјај на одморалиштето Крани и дека ќе направи туристички бисер на Преспанското Езеро.

Инаку, селото Крани се наоѓа во југоисточниот дел на Општината Ресен и е лоцирано во подножјето на планината Баба, односно на југозападната падина на Пелистер, на надморска височина од околу 1 000 метри. Селскиот атар на запад го заплискуваат водите на источниот брег на Преспанското Езеро. Од Ресен е оддалечено околу 20 километри. Атарот на селото зафаќа простор од околу 7 километри квадратни, со што претставува едно од најголемите, ако не и најголемо село во Долна Преспа.



*Плажа во Крани*

Интересно е да се спомене дека селото Крани од источната страна се граничи со селото Арвати, при што тие сосема се приближени едно до друго, така што посетителот не би можел да разграничи до каде се протега Арвати, а од каде почнува Крани, затоа многумина мислат дека овие две села имаат заедничко селско подрачје, заедничка судбина на опстојувањето и, се разбира, заедничка иснина. Со еден збор. Едно без друго село не ќе може да опстои и да има светла иднина на овие македонски простори.

Крани, со текот на вековите имало различен број на жители, зависно од условите за живот и просперитетот на луѓето. Денес во Крани живеат околу 400 лица, од кои помал број Македонци, а поголем е бројот македонските Албанци.

Во селото има основно училиште до четврто одделение, пошта, Дом на културата, продавници, месна заедница, амбулантата на д-р Асиме Османи, земјоделската аптека со железарија „Преспа промет“ сопственост на Васил Јанкуловски од Наколец и друго. Тие заедно, на свој начин ја трасираат иднината на селото.

Во оваа пригода ќе смоменеме дека во селото Крани постојат пет цркви и една џамија. Црквата „Света Богородица“ (Пречиста) се наоѓа во селото, а е подигната во 1876 година и до неа се наоѓаат селските гробишта и црквата „Свети Никола“, потоа црквата „Свети Илија“ која е донација на мештанинот Петре Трифуновски, кој живее во Торонто, новата црква „Света Богородица“, изградена во 1995 година и црквата „Свети Ѓорѓија“, која е обновена од мештанинот Петре Јаневски. Џамијата, пак, се наоѓа во источниот дел на селото, на синорот со селото Арвати и служи за муслиманските верници од двете села. Нема податоци за нејзината изградба, но се претпоставува дека е подигната во текот на XIX век.

Од Крани потекнуваат помал број иселеници во дијаспората, меѓу нив се: Перо и Славе Кирицовски, Љубе Секуловски, Васил Димитриевски, Тони Николовски, Цветко Црковски, Ристо Трифуновски, Донка Лозановска – Трифуновска, како и од печалбарските семејства Јовановци, Ристемовци, Садиковци, Серветовци. Исто така од Крани потекнуваат и универзитетските професори д-р Зини Османи, д-р Имер Оџа и др.


WELCOME
TO
ARVATI


СЛАВЕ П. НЕДАНОВСКИ









**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**